Виолета АЧКОСКА УДК: 930.1

# ИСТОРИЈАТА КАКО ПОТРЕБА – ПОМЕЃУ МИНАТОТО И СЕГАШНОСТА

***Кратка содржина***

*Трудот е поттикнат од присутните негирања на потребата од истражување и изучување на историјата во минатото и денес. Во него се води теоретска полемика со интелектуалната елита која глобалистичките идеи ги поставува над националниот идентитет. Низ релацијата национален идентитет-историски легитимитет, се објаснува потребата, употребата и злоупотребата на историјата како средство за спроведување на одредени политички цели на групи, организации, држави и надржавни структури.*

***Клучни зборови:*** *ИСТОРИЈА, ИДЕНТИТЕТ, ЛЕГИТИМИТЕТ, БАЛКАНИЗАЦИЈА, ЕВРОПЕИЗАЦИЈА, ГЛОБАЛИЗАЦИЈА.*

*„Знаењето на минатото не е целосно без познавањето на сегашноста, како што не постои разбирање на сегашноста без знаење за поранешните времиња; едното на другото му пружа рака, едно без друго не може да потрае ниту да биде целосно“.* (Леополд фон Ранке)

Спротивно на големиот германски историчар Леополд фон Ранке (1795-1886), кој знаел дека минатото не може да се менува, но, дека кога ќе се осознае тоа може активно да делува врз духот и сфаќањата на луѓето на актуелното време[1], неговиот сопатник во дел од пребогатиот, со мисла и творештво XIX век, филозофот Фридрих Ниче (1844-1900), во голем степен, ја негира потребата од историјата[2]. Ниче својата филозофска расправа за полезноста и штетноста

[1] Според Ранке една нација или едно општество, го зема само преку својата „култура“ правото да игра активна улога во европската историја. Притоа, како еден од носителите на европоцентричниот дух, предност им дава на романско-германските народи.

[2] Влијанието на филозофијата на Ниче до денешен ден е предмет на расправи, претпоставки, но, и на различни толкувања. Како што истакнува Марвин Пери, „Ниче блескаво го изразил духот на едно време во кое сите области на мислата и културата ја спротивставувале животната сила и душа на позитивизмот и научноста; интуицијата и инстиктите на разумот, и одважноста и авантурата на буржоаскиот конформизам, конфорот и самозадоволството“. (Marvin Peri, *Intelektualna istorija Evrope,* CLIO 2000, 405).

на историјата за животот ја започнува со провокативната мисла на германскиот поет Јохан Волфанг Гете (1749-1832) кој вели: „Впрочем, омразено ми е сето она кое што само ме поучува и не ја засилува мојата дејност или непосредно не ме поттикнува“[3]. Меѓу другото, Гете тврди дека од историјата никој ништо не можел да научи зашто наводно содржела „мноштво човечки глупости и злоба“. Покрај Гете, обиди за негирање на историјата правеле и други големи интелектуалци во минатото. Така, и германскиот филозоф Артур Шопенхауер како типичен претставник на филозофскиот песимизам, смета дека „историјата е единствен збор за европските борби и пукотници„ поради што нема никакво значење. Учејќи од Шопенхауер, Ниче на едно место забележал: „Го разбирам Шопенхауер како да пишувал за мене“. Но, за разлика од филозофскиот песимизам на Шопенхауер во кој до израз доаѓа резигнираноста и препуштањето на нирваната, Ниче ја воочил неопходноста од ширењето на енергијата и хероизмот[4]. Притоа, тој смета дека треба да ѝ служиме на историјата во онаа мера, во која таа му служи на животот[5]. Токму затоа, и заклучува дека сепак, „постои еден степен на занимавање со историјата и едно почитување на истата, каде животот атрофира и се дегенерира: појава која сега е исто толку нужно да се осознае во чудните симптоми на нашето време, колку тоа може да биде болно“. Во овој контекст, тој бара да се дијагностицира болеста што ја именува како „разорна историска треска“, која може да биде и корисна и крајно штетна зашто со негувањето на доблестите ние ги негуваме и пороците[6].

Затоа, можеби едно од најсуштинските прашања во историско-филозофските размисли од Ниче до денес е проблемот на врската помеѓу минатото, сегашноста и иднината или: колку минатото управува со сегашноста и во каква насока: дали открива вредности исклучително во минатото за да ја конзервира сегашноста или пак бара насоки за отворање перспективи за повисоки дострели во иднината. Или, колку денес историјата му служи на животот, колку денешните

---

[3] Фридрих Ниче, *О користи и штети историје за живот*, „Светови“, Нови Сад, 2001, 5.

[4] Marvin Peri, цит. труд, 404.

[5] Можеби класичен пример за тоа колку историјата може да му служи на животот (да менува состојби и текови), е откривањето на лажната „Даровница на Константин“, односно на нејзината неавтентичност (дека настанала во VIII век во папската курија, а не во IV како што се тврдело) од страна на учениот библиотекар од Ватиканската библиотека Лорецо де ла Вала. Со тоа бил обелоденет фактот дека дел од престижот на папството лежи врз еден фалсификуван документ. Вала извојувал уште една победа на критичката мисла, која својот триумф го доживува во ренесансата. (Чедомир Антић, *Историја и заблуда*, Evoluta, Београд, 2005, 50-54)

[6] Фридрих Ниче, цит. труд, 6-7.

постапки и активности се управувани од сознанијата и вредностите од минатото или спротивно, од фрустрациите од минатото?! Но, сакале или не, и тогаш кога историјата ја поставуваме како прогресивистичка мисла и тогаш кога ја конзервираме или преку неа назадуваме (ретерираме), неоспорен е фактот дека таа му служи на животот и е комплексна во онаа мера, во која се комплексни и потребите на општественото живеење во дадениот момент. Таа може да биде добра и лоша учителка на животот во зависност од желбата на оние кои сакат да учат самите или пак да ги научат другите.

Барајќи одговор на основното прашање што е всушност историјата (и кои се нејзините основни одредници) од аспектот на еден интелектуален предизвик, извонредниот Едвард Халет Кар (во половината на XX век) полемизира со минатото од светлината на гледиштето на актуелното време[7]. На истото прашање биле дадени и се даваат најразлични одговори: со објаснување на многузначноста на поимот – од сфаќање за минатиот живот на човекот во заедница до дефинирање на науката која го истражува тоа минато. Мислители и теоретичари од најразлични профили, историчари, филозофи, социолози, политиколози и други, како и Кар, давале толкување на тоа што е историјата од аспект на нивното време и нивните филозофски системи (на кои припаѓале), сфаќања, потреби, во зависност од општествената средина и сознанието на нивната сегашност (на нивното историско време)[8].

Објаснувањето на самиот поим, во никој случај не може да даде одговор на прашањето зошто историјата е потреба. Барајќи ја врската со минатото и сегашноста, со нешто кое исчезнало и кое истовремено постои, кое живее и трае, најкусиот одговор можеби е содржан во латинска поговорка: Historija est magistra vitae[9]. Од тука неизбежно се наметнува првиот можен одговор дека историјата е потреба на човекот зашто го содржи згуснатото искуство на претходните генерации кои пренесуваат пораки, знаења, вредности.

---

[7] Едвард Халет Кар, меѓу другото, запишал дека „...Нам минатото ни е сфатливо единствено во светлината на сегашноста; сегашноста можеме да ја сфатиме само во светлината на минатото. Историјата има двојна задача: да му овозможи на човекот да го разбере општеството од минатото и да ја зајакне својата премоќ во општеството од сегашноста" (Едвард Халет Кар, *Што е историјата,* Култура, Скопје 1990, 48).

[8] Даринка Петреска, Виолета Ачкоска, *Осознавање на историјата*, Филозофски факултет, Скопје 2007, 1-8.

[9] На пример, експертите на Советот на Европа сметаат дека „сите ученици треба да изучуваат историја, на секое ниво од нивното образование, бидејќи поседува вредности кои другите предмети не можат да им ги дадат. Тие тврдат дека историјата е единствена дисциплина која се грижи за специјален вид обука на умот и фантазијата" (Maitland Stobart, Council of Europe Colloquy on „*The learning of history in Europe*,,, Paris, 5 December 1994).

Минатото е длабок темел на цивилизацијата и тврда градба која ја твори државата. Минатото го прави човековиот род единствен, му дава смисол на неговото постоење и на непрекинатиот стремеж за напредок[10]. Врз минатото ја градиме денешницата и создаваме вредности за иднината, учејќи ги новите генерации да не ги повторуваат грешките од претходните. Нашите претци, нивните дела, генетскиот код, духовните и материјалните придобивки живеат во нас, или ако сакате тие камен по камен ја ѕидаат куќата на човековото траење во времето. Ако од таа куќа насилно истргнете или уништите дел, останува празнина низ која дуваат туѓи ветришта, ви ја слабеат вербата, ви ја разнишуваат куќата и ја прават нестабилна за животот на иднината. Така, можеме без дилема да констатираме дека историјата е потреба зашто зафаќа широко поле на случувања кои содржат богати искуства од претходните генерации. Тоа претставува цврста основа и услов за да може да се согледа општествено-економскиот и културниот развој на човековото општество од настанокот на човекот па сè до денес и да се сфати сопственото материјално и духовно траење и постоење во времето и просторот. Потребата од историјата се јавува како потреба на човекот за свое целосно самозапознавање како продукт на различните времиња, простори и цивилизации.

Уште од најстарите времиња кај сите народи биле присутни настојувањата да им ги остават на идните поколенија трагите од она што се случувало и што се постигнало во нивната средина и пошироката околина. Од моментот кога човекот ги воспоставил првите симболи на меѓусебна комуникација, посебно на различни знаци кои се изразувале по писмен пат, се јавила и желбата да се забележи за потомството сето она што се сметало за значајно во животот на заедницата, кое во краен случај се сведува на потребата на човекот да го продолжи своето постоење (со сликовни претстави и со писмено искажување). Од попатно настанатите пештерски цртежи до свесното пренесување на историските настани на камен, глина или на папирус, изминало многу долго време. Тој долг човеков пат кон цивилизацискиот облик на живеење, ни овозможува да ги утврдиме и почетните облици на развојот на историската свест[11]. Свеста за постоењето, траењето и човековото живеење, се јавува како историска свест, како свест на поединецот за минатото, неговата сегашност и иднина, за себе самиот и за заедницата во која живее. Во тој правец, Робин Џ. Колингвуд смета дека вредноста на историјата се состои во

[10] Чедомир Антић, цит. труд, 5.

[11] Ђорђе Станковић, Љубодраг Димић, *Историографија под надзором,* 1, Службен лист СРЈ, Београд 1996, 27-28.

тоа што, благодарение на неа, учиме што сè сторил човекот и заедно со тоа – каков е тој[12].

Во тој синџир на траење во времето и просторот, секоја генерација настојува историските настани, творби и достигања да послужат како искуство и поука за генерацијата што ќе дојде. Застапувајќи се за „жива историја", каде во центарот на историското познание се животите на луѓето, Лисјен Февр нагласува дека историјата претставува „средство да се разбере и на тој начин да се делува на текот на настаните". Февр, меѓу другото, во актуелниот миг бара да му се објаснува светот на светот со историјата[13]. На ваков начин, историјата во најцелосна можна мера му служи на животот. Го осветлува, го потхранува неговото траење, го води низ други сфери, форми, простори, времиња и субјекти.

Многу мислители во одбрана на потребата од историјата, тргнуваат токму од прашањето: Колку човекот на денешницата може да научи за себе и за општествениот живот воопшто без претходните искуства? Дали може да се осознае себе си без своето минато? Дали може да знае за себе ако не дознае за сето она што го правеле неговите претци? Преку историјата секој поединец може да согледа за што е способен човекот. Што изградил, а што разрушил во вековите во кои опстојувал? Добивајќи ја јасната претстава за себе си, човекот може да размислува за погрешни или вистински чекори, да го преиспитува своето однесување преку однесувањето на своите претци и на тој начин да си отвора перспективи за својата иднина. Човекот на денешнината, оној кој ја спознал историјата, кој во неа го пронашол својот идентитет има одговорност пред утрешнината.

Од тука, историјата е потреба зашто создава самопочитување и го зацврснува идентитетот. Таа му е потребна на секој народ за да се хомогенизира и да остави впечаток на другите. Скоро сите ентитети, групи, народи-нации, држави се повикуваат на настаните, личностите и процесите во минатото за да си го докажат легитимитетот, идентитетот, правото на постоење, за да се идентификуваат како различитост меѓу другите народи, да си ги задржат сопствените традиции, битот, културата на живеење и сл. Човекот кој го изгубил сеќавањето не знае кој е. Недостасува оној низ на искуства, илјада познати нешта кои нè прават она што сме, да имаме идентитет. Општеството кое ништо не знае за своето минато, страда од колективно губење на помнењето. Таквото општество не знае ни што е, ни од каде доаѓа, ни каде оди. Да знаеш нешто за минатото значи да се

[12] Робин Џорџ Колингвуд, *Идејата за историјата,* Култура, Скопје 1997, 17.

[13] Даринка Петреска, Виолета Ачкоска, цит. труд, 6.

согледаш себе си во одреден контекст, да сфатиш дека човекот не е атом кој слободно лебди, туку дека него го создавале и оформувале околностите од времето пред тој да биде роден[14]. Колку попрецизно и појасно ги утврдиме фактите за тие околности (настани, процеси, делување на големи личности) толку појасно можеме да се согледаме денес како нешто трајно во духовна смисла, како препознатливост која постои, како мост на пренесување на пораки од вчера за утре.

Премолчувањето на дел од минатото, како нешто непријатно, значи дека не сме подготвени да се соочиме со себе си на оној начин на кој размислува Колингвуд. Во вакви случаи (кои, за жал, на Балканот ја одредуваат денешницата), историјата воопшто не му служи на животот, туку селектираната историја се злоупотребува за постигнување на одредени политички цели преминувајќи во митоманство и фалсификати на минатото. Токму затоа, сосема ми е прифатлива констатацијата на Кар дека за запознавање на едно општество, најдобар патоказ е да се запознаеме со она што неговата историографија не го напишала. Големиот арсенал на табу теми или често присутната автоцензура кај историчарите за одредени настани, личности итн., ги открива сите грешки, огради, притисоци на времето во кое живеел современиот творец. Тука Ниче е секако во право зашто на тој начин историјата не му служи на животот туку напротив на замирањето на животот. Историјата станува потреба доколку му служи на животот, кога искуството (добро или лошо) го става во функција на подобрување на положбата на поединецот во општеството, на отворање перспективи за идниот живот, за зближување на луѓето во поделени општества или за воспоставување мирно сожителство и соработка помеѓу народите на турболентни историско-географски простори.

Во ерата кога се зацврстувале нациите историјата играла една од пресудните улоги[15]. Таа, меѓу другото, служела за градење на заеднички национален идентитет, бидејќи заедничкото минато е незаменлив фактор во поврзувањето на луѓето. За жал, како што споменавме, во различни периоди и сегменти, заедничкото минато на балканските народи е далеку од од тоа да биде фактор во градењето на

[14] Knut Čelstali, *Prošlost nije više što je nekad bila,* Geopoetika, Beograd 2004, 28.

[15] На пример, проучувањето на нацијата и државата во германската историографија во XIX век било потреба на тогашното актуелно време, кога основно прашање е создавањето на германската држава под водството на Прусија. Токму затоа, дел од германските историчари (Јохан Дројзен) во своите толкувања ја истакнувале надмоќноста на големото (централизирано) македонско кралство на Александар III над расцепканата полисна Грција. Така, во дадениот момент, за нив историјата била потребна да придонесе кон хомогенизација на нацијата и кон јакнењето на свеста за обединета германска држава.

некаков заеднички идентитет. Тука, најчесто, наместо соочување со историјата, се раѓаат митови за големо и славно минато, митови на кои одреден балкански народ (диригиран од некоја внатрешна експанзионистичка политика) сака да има монопол.

Со оглед на фактот дека заедничкиот национален идентитет не е однапред даден, историското помнење на Балканот, честопати се врзува за одредена политика, партија и најчесто е во функација на некаква големодржавна идеја (внатре политичка борба за власт, партиски маркетинг итн.) која бара историски легитимитет за својот експанзионизам. Гледано од аспект на служењето на историјата на животот, овде можеби е најкарактеристично еволуирањето на грчкиот национален идентитет кој се менува со територијалните апетити и територијалното проширување на Грција по нејзиното формирање како држава во првата половина на XIX век. Поголемиот дел од Македонија, освоен во 1912/1913 година, беше прогласен за грчка покраина Северна Грција. Со невидено насилство и репресии врз македонскиот народ беше извршена крупна промена на етничкиот состав на овој дел од проширената грчка држава[16]. Притоа, речиси сите грчки партии на власт, служејќи се со агресивна пропаганда и историски фалсификати, припадниците на населението кое го доселија (колонизираа) на имотите на раселените и протераните Македонците, сега ги прогласуваат за наводни наследници на античките Македонци, создавајќи нов дотогаш непостоечки идентитет врз некаков „историски легимитет". Прекрстувајќи ја повторно покраината Северна Грција во Македонија (во 1989 година), Грција по 1991 година започна со силен политички, економски и пропаганден притисок врз Република Македонија, поставувајќи го наводниот проблем со името на државата. Всушност, се работи за проблемот кој грчките политички сили го создадоа прекројувајќи туѓа историја и прогласувајќи ја како своја, па не признаваат македонски идентитет надвор од грчкиот. Така, напорот да се создаде и сочува идентитетот изродува еден малку помрачен двојник кој го опфаќа поимањето на историјата како легитимитет.

---

[16] Доволно е да се изнесат само злоделата на грчката националистичка организација *Грчко-македонска тупаница*, која го тероризирала македонскиот народ во егејскиот дел од Македонија во периодот меѓу двете светски војни, или невидениот терор на грчките десничарски сили и паравоени формации (казнени воени експедиции) во текот на атифашистичката борба (1940-1945) и Граѓанската војна во Грција (1946-1949) (Виолета Ачкоска, Никола Жежов, *Репресијата и репресираните во најновата македонска историја*, Макавеј, Скопје 2005, 67-85). По стивнувањето на борбите не се намалува жестокоста на притисокот против народносниот идентитет на Македонците, нивната асимилација и прогонство, забрана на јазикот, промена на топонимијата итн.

Секоја од балканските држави, заедно со територијата на Македонците што ја освојуваше, истовремено настојуваше да ја присвои и нејзината историјата. Така, историјата на античка Македонија грчката политика си ја прогласува за ексклузивитет на Грците[17], средновековието бугарско и српско, најновата историја започнува со поделен народ на неколку држави без право на национално декларирање како македонски. Еден фиктивен руски проект од 3 март 1878 година во Санстефано, кој веднаш бил поништен на Берлинскиот конгрес (мај 1878), стана национален идеал на бугарската политика за „голема Бугарија", држава во која би била вклучена целокупна етно-географска Македонија. Владеењето на Стефан Душан (1331-1355) со Македонија (без Солун) стана национален идеал на Србија во XIX век низ проекцијата на „Начертанието" на Илија Гарашанин[18]. Огромен рецидив на таквата политика е непризнавањето на Македонската православна црква, кое е директно поврзано со непризнавањето на посебноста на македонскиот народ[19]. Делбата на македонскиот народ и на неговата етно-географска територија во

---

[17] На пример, траги-комично делуваа изјавите на некои грчки политичари за „навреденоста" на Грците по прекрстување на Скопскиот аеродром во „Александар Велики". На таквата апсурдна, наводна „повреда на грчките чуства", наседнаа и бројни европски политичари кои ни упатуваа забелешки за нашата „дрскост". Притоа, никој од нив, искрено, од научен аспект не сака да го разгледа прашањето и да сфати дека во антиката Македонците и Хелените (Атињани, Тебанци, Мегарци, Спартанци итн.) биле различни народи, при што Македонија со Филип II (наречен варварин од страна на атињанецот Демостен) станала хегемон над хеленските полиси. Затоа е апсурд тоа што грчката политика преку бројни историски фалсификати повикува на грчкиот „историски легитимитет" за екскулзивност врз историското минато на античка Македонија. Истовремено, се осудува дипломатијата на Република Македонија дека наводно се служи со јазикот од XIX век, а негирањето на правата на Македонците, како посебен ентитет во Грција, го правда и образложува со наводниот „иредентизам на Скопје".

[18] Илија Грашанин (1812-1874), српски политичар, е автор на првата национална програма на Србите од 1844 г., т.н. „Начертание". Овој документ содржи концепт на српската надворешна политика, а тоа треба да биде обновата на некогашното Душаново царство. (Р. Љушић, *Илија Гарашанин (1812-1874), „Србија 19. века"*, Београд 1994, 182-188).

[19] Користејќи ја црквата како оружје за српските освојувачки претензии кон Македонија, претставници на големосрпската идеја не ја признаваат самостојноста на МПЦ наводно како расколничка од Српската православна црква („Мајка Црква"). Историски гледано, СПЦ не може никако да се смета за Мајка Црква во однос на неколку века постарата автокефална Охридска архиепископија, востановена во времето на Самоиловото царство (X век), а самостојноста на СПЦ од Сава Немањиќ (од 1291 година). (*Македонски историски речник*, ИНИ, Скопје 2000, 351-352). Дури и во времето на средновековното српско владеење со Македонија постои автокефалната Охридска архиепископија иако била стеснета нејзината територија за сметка на Пеќската патријаршија. Единствено во периодот 1920-1941 (во прва, монархистичка Југославија) македонските епархии биле под доминација на СПЦ. Тој акт бил издејствуван со откуп даден на Цариградската патријаршија, а потоа со томос од Цариградската патријаршија македонските епархии биле присоединети кон СПЦ, истовремено кога била укината и Црногорската автокефална црква (Драги Костадиновски, *Вардарскиот дел од Македонија под јурисдикција на српската православна црква (1919-1941)*, Менора, Скопје 1995, 41).

балканските војни (1912-1913), балканските освојувачки политики ја прогласија за „ослободителна“ војна, односно ја фундираа врз некаков историски легитимитет, нивно историско право над таа територија.

И така, одделни балкански држави бранат некаков историски легитимитет кој, во крајна инстанца, е насочен кон одземањето на македонскиот национален идентитет и територијата на Македонија. Балканските политики загазиле длабоко во злоупотребата на историјата, така што изгледа дека ништо не се променило од времето на националниот романтизам за Мегало Грција, Санстефанска Бугарија и Велика Србија, од XIX век до денес. Средствата и притисоците што ги користат низ последниве стотина и повеќе години се различни: агресивни пропаганди (црковна, просветна, оружена), директни воени судири, уфрлање вооружени банди, атентати, убиства, етничко чистење, асимилации, дипломатски акции, притисоци, ембарга, вета итн. Сето ова има за цел да се промени името, да го нема народот, јазикот, црквата, да се одземе идентитетот на државотворниот македонски народ во центарот на Балканот.

Во наведениот контекст историјата се користи како легитимитет, објаснување и оправдување на односите во сегашноста.

Повикувањето на историскиот легитимитет во функција на одредена освојувачка политика го поттикнуваше создавањето на историски митови со кои се опиваа малите балкански народи, барајќи си за себе си што е можно пославно и поголемо минато[20]. Судирањето на различните историски митови го претвори Балканот, од каде всушност потекнува европската цивилизација, во „другост“ на Европа. Како и во случајот со Ориентот, Балканот послужил како складиште за негативните карактеристики наспроти коишто е конструирана позитивната и самобендисаната слика на „Европеецот“ и на „Западот“[21].

Во последниве години, постепено, Балканот политички се интегрира (Грција многу порано) во евроатланските интеграции. Притоа, наместо да се почуствува европеизација на Балканот, „децата“ од Балканот успеваат да ги рушат европските демократски принципи

---

[20] Грчкиот весник *Embros newspaper* од 27 октомври 1912 година, по повод влегувањето на грчките војски во Солун, објавува: „...Со влегувањето во Солун грчките сили внесоа уште една славна страница во грчката историја, обезбедувајќи си чест и почит за својата моќ“. Од друга страна, српскиот весник *Балкански рат у слици и речи* бр. 2, 27 јануари (9 февруари) 1913, по победата на српската војска во Кумановската битка (во 1912 година во Првата балканска војна), ја воздигнува нејзината сила, пишувајќи: „кога сто илјади херои ќе решат да одат во смрт и влегуваат во огнот со цврста решеност 'Никогаш нема живи да се вратиме!', непријателот мора да биде поразен без оглед на неговата големина“.

[21] Марија Тодорова, *Замислувајќи го Балканот*, Магор, Скопје 2001, 277.

и правилата во организациите каде членуваат. На тој начин, одделни европски политичари стануваат балкански родители и старатели кои треба да ги оправдуваат грешките и хировите на нивните немирни деца кои си играат со туѓ идентитет земајќи си неосновано право на некаков историски легитимитет[22]. Таков драстичен случај с негирањето на елементарното човеково право на Македонците (кое беше прекршено дури и во ООН) за името на државата, нивниот национален идентитет, историја итн. За балканските држави и покрај стекнатото некаво „европско педигре", владеењето со Македонија остана да биде сон за нивно владеење со Балканот. Сето тоа е доказ дека минатото сè уште управува со сегашнинава, станувајќи опасност за неизвесности во иднината. Затоа, искреното соочување и исправањето на грешките на претходните генерации претставува императив за животот на идните генерации. Историјата е потребна за осознавање на вистината, за себе преиспитување, а не како мит и заблуда. Доколку продолжи нејзината злоупотреба во име на политиката (на пријателски, династички врски, на финансиски интереси, двојни критериуми на вреднување итн.), се надвиснува опасноста „Балканот" да се всели во „Европа", а не обратно.

Во рамките на наведените балкански текови, Република Македонија секојдневно се соочува со бројни историски хипотеки кои ја диктираат современоста. Сето ова, во голем степен, може да се припише на маргинализирањето на историјата во нашата држава (по 1991 година) во која малкумина ја сватија потребата од историјата па почнаа да ја заменуваат со наводно „модерни" дисциплини (препорачани од невладини организации и европски експерти) со кои самите си придонесовме кон обезличување на националниот идентитет и кон деномирањето на сопственото македонско име. Сепак, тука можат да се најдат корените и на еден подолготраен процес на развој на македонската историографија во рамките на југословенската федерација (1945-1991). Во овој период, историографијата остана контролирана

---

[22] Така, во 1992 година, Европската унија ја донесе Лисабонската декларација, под притисок на балканска Република Грција, со која реално на Република Македонија и се оспори правото на нејзиното уставно име. Македонија со години беше изложена на ембарго од балканско – „европска" Грција. И покрај бројни извештаи на Стејт-департментот за постоење на македонско национално малцинство во Република Грција, покрај огромната маса документи и жалби на поединци за шовинистичкиот однос на Грција, ЕУ си ги спроведува двојните неевропски аршини на заштита на малцинствата. Дискриминацијата на Македонците за добивање грчки визи трае повеќе децении. Протераните Македонци не можат да се вратат на своите имоти итн. Сето тоа не се случува во Р. Македонија туку во една членка на ЕУ и НАТО. Соседна Република Бугарија, веднаш по влегувањето во НАТО и ЕУ, стана уште поагресивна во негирањето на постоењето на македонскиот народ и во непризнавањето на правата на Македонците во Бугарија.

од политиката (се контролираа историчарите, истражувачките теми, интерпретацијата на историјата итн.) и се бараше историјата да биде во функција на развивање на југословенското братство и единство, социјалистичките вредности, воздигнувањето на КПЈ/СКЈ и улогат на Јосип Броз Тито, со паралено постоење на табу-теми и личности, забранети истражувачки зони, недостапна документација итн. Тоа е време кога политичкиот и општествениот живот бил под целосна контрола на партијата која својот историски легитимитет го барала во историјата на работничкото движење во Југославија, во НОБ, повоената „изградба“ итн., а историчарите со своите трудови давале „научна“ верификација. Не биле пожелни и веднаш биле сузбивани било какви појави на понагласено национално искажување[23]. Во овој контекст била диктирана и надворешната политика на ФНРЈ/СФРЈ во која, македонското прашање повремено беше користено за постигнување на одредени политички цели при заладувањето на односите со соседите или со некоја од големите сили. Особено забележливо на тој план беше покренувањето на прашањето за положбата на Македонците во Бугарија честопати диктирано од релацијата СФРЈ-СССР. Од друга страна, пак, евентуалното поставување на барања за обезбедување на националните права на Македоците во Грција, за враќањето на протераните Македонци на нивните имоти или за нивно обештетување, се сметаше за пречка во градењето на „добро соседските“ грчко-југословенски односи и речиси сосема беше одбегнувано.

Сложеноста на прашањето за балканската употреба на историјата може да се надополни со комплексот на албанските политички цели за Голема Албанија кои се реализираа низ етничко чистење на западниот дел од македонската држава, преку енормниот наталитет, нереални пописи, албанизација на население со муслиманска вероисповед итн., со што се менуваше етничкиот состав на таа територија[24]. Притоа, таквите процеси не беа сопирани и се толерираа најпрво во името на братството и единството, а потра под различни надворешни и внатрешни притисоци. Кризата на југословенскиот социјализам и потоа долготрајната транзиција во РМ по 1991, на површина ги извлече сѐ погласните барања на големоалбанските екстремисти во истакнувањето на нивниот наводно историски легитимитет на територијата на Македонија. Полагајќи некакво историско право на Балканот како илирски (иако научно е бесмислено директ-

---

[23] Виолета Ачкоска, *Политиката и историографијата 1944-1998*, *„Македонската историска наука, достигнувања и проблеми*, ИНИ, Скопје 2000, 487-503.

[24] Виолета Ачкоска, *Идејата за „Голема Албанија“ и некои демографски промени во Западна Македонија во XX век*, Годишник на факултетот за безбедност, Скопје, 1999, 123-131.

ното поврзување на современиот албански народ со Илирите), пропагираат дека „Славо-Македонците“ дошле тука на некава нивна исконска земја од која како узурпатори треба да бидат откорнати[25].

Во општите текови на создавање на нова епохална историска свест по падот на Берлинскиот ѕид, во кој неминовно е вклучена и РМ, се случуваа промени во главните вредности на европскиот идентитет. Дотогашната главна одредница на европскиот идентитет – антифашизмот, во новата постстуденовоена историја почна да се релативизира, особено во Југоисточна Европа. Таму антифашизмот беше препокриван со шовинизам и враќање кон старите национални „идеали“. Се оди до таму што во име на патриотизмот (често под обланда на актуелниот антикомунизам) одново се вреднуваат фашизмот и квислинзите (дебатите околу Хорти, Недиќ, Власов, Павелиќ и нивната рехабилитација)[26]. Во Република Македонија, на пример, до израз дојде промената на оценката на улогата на балистите во текот на Втората светска војна. Дел од албанските историчари почнаа да ги претставуваат балистите исклучително како национални борци прикривајќи голем дел од историските факти. Во прв план тие ја „заборавија“ тесната соработка на балистите со италијанските и германските окупациони трупи во вршењето злосторства и етничко чистење на западниот дел од Македонија[27]. Во истиот правец се и обидите

---

[25] На пример, во докажувањето на историскиот легитимитет за создавање на Голема Албанија, некои албански историчари ревносно пишуваат дека македонското племе Дасарети е илирско племе кое живее околу Охрид, па логично на тоа, Охрид треба да влезе во составот на Голема Албанија. Притоа, воопшто не се земаат предвид истражувањата на бројни археолози, лингвисти и историчари кои точно го утврдиле македонското потекло на Дасаретите (Н. Проева, П. Кузман).

[26] Todor Kulić, *Prevladavanje prošlosti*, „Zagorac“, Beograd 2002, 74.

[27] Положбата на македонскиот народ под постојана репресија на балистите била исклучително тешка, за кое постојат бројни документи и сведочења на тероризираните и раселуваните Македонци. Така, на пример, не можејќи да го сопрат развојот на антифашистичката народноослободителна борба, окупаторите и нивните албански соработници, во летото 1943 година се подготвувале сосема да ги уништат селата во мавровскиот крај. Пред самото опожарување на селата, во ова подрачје постојано упаѓале италијански војници, карабињери и балистите на Џемо Хаса. На 20 август 1943 година било бонбардирано селото Никифорово и во него влегле италијанските војници и балистите кои паралелно со ограбувањето на покуќнините и стоката, ги гореле куќите и вршеле репресалии над населението - претепувања, силувања и убиства. Истиот ден и селото Леуново ја доживеало таквата крвава драма. По опожарувањето на селата луѓето се распрснале на повеќе страни. На 3.09.1944 година е опожрено и Маврово од страна на познатиот балистички водач Аќиф Речани. (Јаким Синадиновски, Зоге Груевски, *Трите мавровски села,* Скопје 1976, 179-210). Во истиот период, заради неподносливата ситуација, започнало масовно иселување на Македонците од Дебар и Дебарско, при што биле испразнети селата: Горно и Долно Мелничани, Долно и Горно Косоврасти, Горенце, Пареши, Житинани, Осој, Гари, Лазарополе, Тресонче, Селце, Росоки, Сушица, Галичник и други села (со македонско или мешано население) (Глигор Тодоровски, *Некои карактеристични моменти од окупацијата на Дебар и Дебарско 1941-1944*, „Историја“, XXII/2, Скопје 1968, 122).

да се рехабилитира Иван Михајлов, преку селекција во подборот на фактите и толкувањето на неговата улога. Наместо да се гледа во контекст на целокупното негово антимакедонско делување изразено преку организирање бројни антентати и убиства на македонските национално-ослободителни дејци, како експонент на големобугарската национална кауза, тој се претставува единствено како борец за автономија на обединета Македонија. Во ваквите случаи, кога се прави конзервативна ревизија на сеќавањата (селекција на историските факти), потребата од историјата функционира единствено во правец на нејзината употреба односно злоупотреба, за оправдување на бројни анахрони идеи и политики во сегашноста, кои во никој случај не водат кон проширување на демократијата, човековите права и слободи и кон прогресот.

Заедно со конзервативната ревизија на сеќавањето, во последниве деценија-две, течат и обидите за воедначено видување на историјата преку нови заеднички јадра. Ваквите настојувања ги наметнува Европската Унија преку различните невладини организации и меѓународни универзитети, донации, стипендии и сл. На овој начин е создадена противречна ситуација во која рехабилитацијата на локалните фашизми тече паралено со потиснување на национализмот одозгора и заштитата на малцинствата. Со други зборови, фрагментализацијата на историското сеќавање ја прати глобализацијата која не е збир на не/посакувани општествени промени туку во неа е видливо свесното насочување (за кое ние почесто не сме ни свесни). Новиот однос кон минатото е важен за субјектите на глобализацијата зашто на тој начин треба да се олесни нејзиниот тек. Секоја идеологија бара сопствени точки на поткрепа во минатото кои, таа ги прогласува за автентичен почеток, а новите идејни упоришта се преформулираат во осмислување на новите визии на развојот[28].

Овие процеси во Република Македонија беа мошне видливи уште од нејзиното осамостојување во 1991 година, а особено се засилија по 2001 година. Тогаш се инкорпорираше формулата за мултиетничко општество и се правеше законодавство според вкупните проценти на една етничка заедница-малцинство (поточно албанското) по пописот од 2002 година, сомнителен во многу сегменти. Во последниве години, исто така, се вршат притисоци за промена на историјата според мерката на соседните членки на ЕУ кое, всушност значи прифаќање на балканизацијата како нормалност под обвивката на европските стандарди. Така, во актуелниов миг на создавање

[28] Todor Kulić, цит. труд, 74.

на нова епохална свест, Република Македонија се наоѓа под притисоците на негирање на нејзината историја од страна на соседите, од една страна, и на маргинализирање на националната историја под надворешни (меѓународни) и внатрешни влијанија, од друга.

Опфатени од ветриштата на глобализацијата, ангажирани (или диригирани) македонски интелектуалци и академски кадар од различен профил (социолози, психолози, правници, политиколози итн.) ја негираат историјата несфаќајќи ја нејзината улога и потреба[29]. Овие македонски спроводници на обезличувањето на националниот идентитет во име на наводни европски вредности, низ своите антимакедонски настапи, постапки, активности, искази како да прашуваат: *Зошто историјата би била потреба*? Кому му служи таа? Зошто да се занимаваме со минатото, кога треба да сме свртени кон иднината? Ставајќи се на ваков начин во функција на обезличувањето на националниот идентитет кој го сметаат за некаков експонент на национализмот (наводно македонскиот, од кој многу се згрозуваат), тие ревносно се вклучени во процесот на фрагментализација на историското сеќавање присутен во глобалистичката филозофија. Наизглед сме се измориле од историјата, а всушност не сме ја ни запознале онака како што треба, вистинската, без отстапки пред агресивните застапници на антиисториските програми. На таквите им е подобро да не знаат ништо за сопствената историја, за корените, традициите, зашто таквото знаење обврзува, бара достоинство, почитување на предците, на сопственото потекло. Во рамките на една веќе долготрајна транзициона деструкција, во трката на правење и перење пари, во време на поместени вредности, нив навистина не им требаат таквите доблести.

Прашањето за потребата од историјата е навистина тешко бидејќи, како што наведов, тоа е нараскинливо поврзано со нејзината

[29] Во тоа негирање се оди до таму што се вулгаризира улогата на бројни историски личности кои оставиле неспорен белег на епохата во која живееле и чија инвентивност, истрајност и дух насочени кон промени се вградиле во светската меморија и националната историја. Токму затоа, сосема неоговорно и жално делуваат некои јавно изречени оценки на семинари за историја организирани од неисторичари (низ нивните бизнис-проекти), дека, на пример, Александар III Македонски не бил ништо друго освен таткоубиец. Или, пак, кога во името на демократските и европските начела се организира семинар за едукација на македонските наставници по историја на темата за балканските војни, при што балкански историчари можат да тагуваат (дури и да бидат „обесправени“) зашто нивните освојувачки војски не ја добиле цела Македонија. Но, истовремено не е пожелно, македонските историчари да ја искажат трагиката на македонските делби и егзодус. Така, ако се осоколат да изнесат дел од историската вистина веднаш се прогласуваат за националисти, шовинисти, иредентисти, им се бара да ги менуваат наставните програми, учебниците по историја итн. итн. Дури, имаше случаи Министерството за образование и наука директно да интервенира (под притисок на соседите) во насловите на одредени наставни единици во програмите по историја.

употреба и злоупотреба од страна на политиката која подеднакво успешно го користи и сјајот и бедата на историјата (нејзината огромна моќ да влијае на луѓето, на народите, да ги зближува или раскрвавува, да ја форматира општествената и историската свест итн.).

Судрени со наводниот историски легитимитет на соседите кон сé она што го претставува нашиот македонски идентитет, останува дилемата на кој начин така педантно обезличени од разноразните големодржавни шовинистички проекции ќе одиме во Европа, под плаштот на таа старо-нова дама каде политичката прагма владеење над фактите и вистината. Одземајќи ни ја историјата, соседните држави и нивните сојузници всушност водат политика кон територијално докрајчување на поделбата на Македонија (уште еден Букурешт по оној од 1913 година). Тие пропагираат дека нема македонска историја која припаѓа на македонскиот народ. Таа е грчка, бугарска, српска, југословенска. И што останува? Останува некаков народ СЕНКА – без простор, без име, без корени и идентитет. Но, треба на сите да им биде јасно дека без траење во времето и без своја историска територија – едноставно не постоиме. Веројатно тоа е сонот на злоупотребената историја, да создава бришани простори, да ги извртува фактите, да гради нова историја врз обезличени трупови на послабите и подоблесните.

За жал, во негирањето на историјата и обезличувањето на македонскиот национален идентитет, повремено беа влкучени и претставници на владеачки партиски гарнитури со нивните „европски погледи“. Наводно нам (и тоа потенцирам изгледа само нам) Македонците не ни е потребна историјата, та ние сме свртени кон иднината итн. Веројатно затоа, без да ја косултираат сопствената наука, во критични моменти, им ја препуштаа историјата на соседните држави, да преговараат и да не прекројуваат. Во тие рамки не им беа потребни историчарите, бидејќи како секој да знае сè за историјата, секој си има своја приказна, своја вистина. Наместо агресија со вистински аргументи кои речиси постојано беа на наша страна, се најдовме во дефанзива бомбардирани од купишта историски фалсификати. Тоа е навистина жално деградирање на потребата од историјата, на нејзиното истражување и изучување како една интелектуална струка која е тежок занает за оние кои се обиделе професионално да го совладаат[30].

[30] Во дефинирањето на стручноста на историчарот, некои теоретичари тргнуваат, пред сè, од критериумот на објективноста, која подразбира две работи. Прво, историчарот „има способност да се издигне над ограничената визија на својата сопствена ситуација во општеството и во историјата... Второ, сметаме дека тој има способност да ја проектира својата

Со историјата сме опкружени на секој чекор, ја носиме во сопствениот човечки код, ја пренесуваме на нашите потомци. Историјата е потребна за воспитување на духот на обединета Европа во која сé уште декларативно владее слободата на изборот и правото на сопствениот идентитет на секој народ во нејзиното семејство! Проблемот се состои во тоа, декларираните принципи да бидат оживотворени како право на живот (сопствено име, историја, идентитет) на секој народ, па и на македонскиот. Почитувањето на историјата и нејзиното објективно толкување може да биде чекор напред кон помирување на таквиот расчекор. На таков начин, учителката на животот во полна мера ќе му служи на животот.

(Рецензент: *проф. д-р Даринка Петреска*)

визија во иднината“, благодарение на подлабокиот и потрајниот увид во минатото кое секако му го овозможува познавањето на теоријата и методологијата на историската наука. Сметајќи дека историјата се занимава со трудот на историчарот, Е. Х. Кар им препорачувал на своите читатели да го проучат историчарот пред да пристапат кон проучување на фактите што тој ги изнесува. (Ричард Џ. Еванс, *У одбрани историје,* Српска књижевна задруга, Београд 2007, 250).

Violeta ACHOSKA

# HISTORY – NEED BETWEEN THE PAST AND THE PRESENT TIME

## Summary

*This paper is animated from the existing denying the need of investigation and research the history in the past and nowadays. It discusses the theoretical polemics with the intellectual elite who sets the globalistic ideas over the national identity. Through the relation between the national identity and the historical legitimate the paper explains the need, use and the abuse of the history as an instrument to introduce particular political goals of groups, organizations, state and overstate structures.*

***Keywords:*** *HISTORY, INDENTITY, LEGITIMITY, BALCANISATION, EUROPEISATION, GLOBALISATION.*